ОСНОВНИОТ СУД Гевгелија ,преку стечајниот судија Тодорка Цилковска Димова , постапувајки по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од должникот Трговец поединец за подготвување на храна РУТА 66 ТП Александар Сашо Олумчев Гевгелија како предлагач, без одржување на рочиште на ден 24.08.2020 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ПОВЕДУВА претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка над должникот Трговец поединец за подготвување на храна РУТА 66 ТП Александар Сашо Олумчев Гевгелија како предлагач, ЕМБС 7250290, ЕДБ 5006017504092 и трансакциска сметка бр.250001003731182 при ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, и 270072502900147 при ХАЛК БАНКА АД Скопје.

СЕ ЗАКАЖУВА рочиште за испитување на условите за отврање на стечајна постапка, на ден 18.09.2020 година во 13,00 часот, во судница бр.4 на овој суд.

СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот Трговец поединец за подготвување на храна РУТА 66 ТП Александар Сашо Олумчев Гевгелија по приемот на решението да ги стави на располагање сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог .

Се именува привремен стечаен управник и тоа Драган Шекерџиев од Струмица,ул:„Јанко Цветинов“ бр.46 ,број на телефон 070-836-831, E-mail: sekergiev@yahoo.com.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отварање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Должникот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајата постапка над должникот од причина должникот повеќе не може да ги плати обврските кои настануваат со неговото работење, трансакциската сметка веќе подолго време му е блокирана, а веќе подолго време не ја обавува ни својата основна дејност..Воедно заедно со предлогот до Судот достави и потврда за состојба на неплатени даноци бр.27-19/43-I од 03.07.2020 година на УЈП РД Струмица ДО Гевгелија, информација бр.0815-17/3 од 25.06.2020 година на ЦР на РСМ со која се потврдува дека сметката е блокирана повеќе од 45 дена, извештај од 25.06.2020 година од Халк банка АД Скопје, уверени бр.23-17/11 од 24.06.2020 на ФПИОРСМ,потврда за неплатен долг бр.03-18/18 од 25.06.2020 година на ФЗОРСМ, уверение бр.1108-103/2020 од 26.06.2020 година на АКН РСМ ОКН Гевгелија,уверение бр.1108-104/2020 од 26.06.2020 година на АКН Гевгелија, потврда бр.12.1.9-279/2 од 25.06.2020 на МВР на РСМ, потврда бр.12.1.9-278/2 од 03.07.2020 година на МВР РСМ,уверение бр.12-8/476 од 25.06.2020 година на Општина Гевгелија, листинг на обработена годишна сметка за 2019 бр.0906-50/1515202000002700,тековна состојба од ЦРРСМ за должникот, одлика за престанок на работа бр.0-1/20 од 03.07.2020 година. Достави и извештак за финансиско-економската состојба на друштвото.

Судот во текот на постапката донесе и решение СТ.-5/20 од 17.08.2020 година со кое определи аванс на трошоциоте за претходната постапка, а согласно чл.53 ст.3 од Законот за стечај. Предлагачот во законскиот рок го уплати определениот аванс на трошоци за претходна постапка .

При таква состојба, Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка во смисла на чл.54 ст.1 и одлучи како под I од изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА, СТ.бр.5/20 од 24.08.2020 година

Стечаен судија
Тодорка Цилковска Димова с.р.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа решение не е дозволена жалба.

Д.Н.до полномошник на предлагачот адвокат Александар Стојанов Гевгелија, привремениот стечаен управник, Централниот регистар на РСМ , Огласна табла и веб сајт на судот и Службен весник на РСМ.